Дневни сценарија за мај

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржинии поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса**<br>**Граматичка структура на реченица**<br>*(проста реченица, подмет, прирок - глаголски прирок)* | Ги препознава и ги разликува формите на глаголскиот прирок. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците се поделени во групи и добиваат наставен лист со реченици. Некои од речениците содржат прости глаголски прироци, додека другите содржат сложени прироци. Учениците треба да ги препознаат и обележат формите на глаголскиот прирок во секоја реченица.<br>Се открива целта на часот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1.На презентација наставникот ги истакнува преку примери формите на глаголскиот прирок.<br>**Во функција на прирок најчесто е глаголот во лична глаголска форма. Таквиот прирок се вика глаголски прирок и може да биде прост или сложен. Простиот глаголски прирок има еден глагол, а тој може да биде претставен со проста или со сложена глаголска форма. Простите глаголски форми се сегашното време, МОНВ и МОСВ. Другите глаголски форми се сложени. Сложениот прирок има два глаголи.*<br>2. Учениците се делат во пет групи (поделбата е 1, 2, 3, 4, 5 – се именуваат со броеви). Во рамките на секоја група се игра пантомима: „Погоди што правам?“ Ученикот стои пред групата и прави некакво движење, учениците треба да го погодат дејството и потоа да составаат реченица со тој глагол. (Пр. Сара прави движења дека трча, учениците запишуваат: Сара трча). Потоа наставникот им задава глаголи: модални (може, мора, смее, сака) или фазни глаголи (фати, зафати, продолжи, престана) и им кажува да ги прошират речениците користејќи ги и нив. (Сара почна да трча). | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-наставни листови<br>-техники на учење/ игровни активноости | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за формите на глаголскиот прирок дека може да биде прост и сложен. Сложениот прирок има два глаголи. Првиот е фазен, модален или е претставен во да-конструкција.<br><br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Дневни сценарија за мај

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Синтакса**<br>**Граматичка структура на реченица**<br>*(проста реченица, подмет, прирок - глаголски прирок)* | Составува реченици со различни видови зборови (именки, заменки и придавки) во функција на подмет | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се пополнува мрежата на темата за реченица и се повторува за главни реченични членови.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. Наставникот на презентација<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2016/02/blog-post_43.html<br>има истакнато реченици:<br>Сонцето изгреа рано.<br>Победникот заплака.<br>Ние бевме среќни.<br>Вториот победи.<br>Учениците имаат задача да ги пронајдат подметите во речениците.<br>Наставникот поставува прашање: *Какви видови на зборови во овие реченици вршат функција на подмет?*<br>Сонцето изгреа рано.(именка)<br>Победникот заплака. (придавка)<br>Ние бевме среќни. (заменка)<br>Вториот победи. (број)<br>Се открива целта на часот. | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Техники/игри<br>-работни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- Одговори дадени во наставни листови; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br>2. Учениците се поделени во групи. Секоја група добива работен лист со примери за: именки, заменки, броеви или придавки. Задачата на групите е да го искористат секој збор од работниот лист во функција на вршител на глаголско дејство при составувањето реченица.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците по групи ги читаат речениците и се запишуваат на таблата. Така се проверува точноста на задачата. На крајот се дискутира кои видови зборови се јавуваат во функција на подмет.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| Изработил: Марија Пискачева | | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Активности за следење на постигањата на учениците од синтакса** *(проста реченица, подмет, прирок - глаголски прирок)* | Го анализира, проценува и подобрува и применува сопственото учење од стандардите за (синтакса) | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите. Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците, наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од синтакса. Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови -тестови на знаење | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи; |

resursi.literatura.mk

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Медиумска писменост | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи** *(родови стреотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, етнички стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза)* | Препознава стереотипи во медиумите | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците, поделени во 5 групи, влечат по една од комплетот картички на кои се напишани (по едно на секоја картичка): РАСА (белци, црнци и други), ПОЛ/РОД (момче, девојче, жена, маж), ПРОФЕСИЈА (полицајци, лекари, наставници и други), ВОЗРАСТ (постари, помлади, тинејџери), ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО (ќерка, син, мајка татко, баба, дедо). Секоја група треба, на голем лист хартија, да опише (со зборови и преку цртеж) како луѓето на избраната картичка се прикажани во медиумите (во филмовите, играните серии, рекламите) – како изгледаат, како се однесуваат и какви особини имаат.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>По разгледувањето на картичките и на нивните категории, секоја група седнува заедно и започнува со креативниот процес на опишување на стереотипите кои ги претставуваат.<br>Опис на стереотипите: Учениците користат големи листови хартија за да опишат како луѓето од нивната категорија се прикажани во медиумите. Со зборови и цртежи, тие го опишуваат изгледот, однесувањето и особините на карактерите кои ги гледаат во филмовите, сериите и рекламите.<br>Примери од медиумите: Покрај описот, секоја група ги наведува примерите од медиумите каде што се применуваат овие стереотипи. Тие ги идентификуваат филмовите, сериите или рекламите каде што ги виделе овие примери на стереотипи.<br>Презентација пред групата: По завршувањето на опишувањето и | Техничка опрема во училницата<br>Компјутер<br>Видео бим<br>Смарт табла<br>Картички<br>Текстови<br>Е-весници<br>Интернет портали<br>Аудио и визуелни средства | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- пишување/ творење текстови според различни барања,<br>- домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | идентификувањето на стереотипите, секоја група ќе презентира и ќе ги објаснат своите описи и примери од медиумите и ќе дискутираат за начините на кои стереотипите се претставени.<br>По секоја презентација учениците од другите групи дополнуваат со свои примери и заеднички се констатира каков опис доминира во медиумите.<br>Наставникот ги запишува на табла сите наведени описи што се совпаѓаат со вообичаените стереотипи за групите (пр.: Црнците се криминалци, продаваат дрога... Бабите се грижливи, прават пита, не се дотеруваат, момчињата се храбри, силни, не плачат). Наставникот ги користи описите запишани на таблата за да го дефинира поимот стереотип (карактеристика што им се припишува на припадниците на одделни групи) и да укаже на видовите стереотипи што се определени со групите на кои се однесуваат (расни, родови, професионални, возрасни). При тоа, описите на членовите на семејството се поврзуваат со родови и возрасни стереотипи.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Во отворена дискусија се заклучува дека медиумите главно нè тераат да ги гледаме сите припадници на една група како да се исти (според стереотипот), иако многу од нив се разликуваат од стереотипот.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Медиумска писменост | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи** *(родови стреотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, етнички стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза)* | Објаснува како стереотипите во медиумите ја искривуваат вистината. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците поделени во групи и добиваат дрвени лажички, волница, фломастери, листови во боја. Секоја група треба да изработи свои фигури кои ќе претставуваат различни личности кои ги сретнуваме во медиумите. Учениците може да изработат фигури кои ќе претставуваат ликови од различен пол, раса, професија, возраст итн.<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот на учениците им пушта видео со наслов „Странци“ | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-Техники/игри<br>-дрвена лажичка<br>-волница<br>-фломастери<br>-листови во боја<br>- Интернет портали<br>Аудио и визуелни средства | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- интерпретации на илустрации<br>- домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | („Strangers“)<br>https://www.youtube.com/watch?v=f6JU3u46McQ<br>(Во овој пример, спротивставени страни се Арапите и Евреите. Членовите на овие групи често се конфронтираат околу разни прашања од поновата историја. Затоа, може да се очекува дека поради стереотипите, некој што го гледа видеото би си помислил дека кои било двајца членови на овие групи би биле непријателски настроени еден кон друг. Меѓутоа, ликовите од видеото се однесуваат поинаку.)<br>Наставникот го паузира видеото на 1 мин. 30 секунди.<br>И поставува прашања: *Која е приказната? Кои се ликовите? Какви се односите меѓу нив? Како ќе се развива приказната понатаму?* Се продолжува со гледање на видеото, а потоа паузира повторно на 4 минути и 4 секунди. И поставува прашања: *Има ли нови ликови? Како тоа влијае врз приказната? Дали се промени односот помеѓу првите два лика? Ако е така, како се промени? Што мислите, како ќе се развива приказната понатаму?* Од кога ќе заврши видеото наставникот повторно поставува прашања:*Какво е вашето мислење за филмот воопшто? Кои се поентите што сака да ги прикаже?*<br>Наставникот им објаснува на учениците дека општо земено, создаваме или усвојуваме стереотипи за оние што се најмалку како нас - но исто така можеме да ги интернационализираме и да поверуваме во стереотипите за нашата сопствена група. Често користиме социјални стереотипи како средство за идентификување на личноста;- Се потпираме врз фиксните знаци за идентитет (на пр. работата на личноста, етничката припадност, образованието, религијата итн.) наместо врз однесувањето на поединецот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за ширењето на стереотипи во медиумите. Луѓето ги создаваат стереотипите делумно сами, но многу повеќе под влијание на општеството и на медиумите – особено на социјалните медиуми, кои се толку делотворни во брзото ширење на идеите бидејќи корисниците не подзастануваат за да ја разгледаат и да ја проценат содржината. Стереотипите ни го олеснуваат | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | размислувањето и расудувањето бидејќи ни овозможуваат да опишеме одредена личност со неколку зборови. Сепак, стереотипното размислување не може да ги опфати сите различни ситуации во животот, ниту сета сложеност на особеностите на една личност. Стереотипите често доведуваат до предрасуди и ги зајакнуваат нееднаквостите во однос на распределбата на моќта во општеството. Стереотипите се толку испреплетени со личните и групните идентитети, што често предизвикуваат емоции како лутина, страв, повреденост, гордост, носталгија, патриотизам и многу други. Како што сега веќе добро знаеме, тука се губи нашата способност да размислуваме критички (па, затоа запомнете: именувајте го за да го скротите и размислете пред да споделите!).<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Медиумска писменост | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи** *(родови стреотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, етнички стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза)* | Ги објаснува последиците од ширењето стереотипи преку медиумите и на социјалните мрежи | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат текст (новинарска статија.)<br>*Наслов: Жените се најсреќни во улогата на мајка и домаќинка*<br>*Жените се најсреќни во улогата на мајка и домаќинка! Жените отсекогаш го имале изборот дали да следат успешна кариера или да бидат домаќинки и да се грижат за домот и семејството. Истражувањето покажува дека дури 62% од испитаничките истакнале дека најмногу би сакале животот да го поминат грижејќи се за семејството и домот, додавајќи дека според нив тоа е идеалната професија. Ова истражување е спроведено на интернет, а во него учествувале околу 2.000 жени на возраст над 25 години. Сигурно се прашувате зошто тие го прават овој избор во 21. век, а жените и на тоа дале одговор. Тие велат дека градењето на кариера е напорно и стресно, а грижата за семејството и домот е полесно, поопуштено и поубаво.*<br>Наставникот поведува дискусија ги прашува учениците како би можеле да го гледаме светот поинаку како резултат на стереотипите што ги гледаме во медиумите поврзани со улогата на жената во општеството.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во 4-5 групи и добиваат наставен лист со следните прашања поврзани со содржината на текстот:<br>1. Како статијата ја прикажува улогата на жената во општтеството?<br>2. Дали ваквите статии и телевизиски приказни можат да влијаат врз начинот на којшто ги гледаме родовите улоги? Како? | Наставни листови<br>-Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Интернет портали<br>Аудио и визуелни средства | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- практичните вежби<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. Како влијае оваа статија врз нашата перцепција за способностите на мажите и жените? Какво влијание има врз перцепцијата на жените за себеси, како и врз очекувањата на општеството од жените?<br>4. Колку често гледате медиумско покривање на успешни жени со кариера и/или лидерки? Како се претставени? Дали се претставени поинаку од успешните мажи и од мажите лидери?<br>Секоја група си избира претставник кој ќе ги презентира одговорите пред паралелката.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за тоа дека веројатно нема сите да се согласиме за тоа како треба, а како не треба да се прикажуваат овие приказни, но најважното нешто што треба да го имаме на ум е дека новинарите и уредниците прават безброј навидум мали избори кои со текот на времето ни помагаат да го формираме начинот на којшто ги гледаме другите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Лексика**<br>**Лексички значења на зборовите**<br>*(еднозначност и повеќезначност на зборовите; директно и преносно значење, конкретно и апстрактно значење на зборовите, синоними, хомоними, антоними)* | Ја објаснува разликата меѓу конкретно и апстрактно значење на зборовите преку примери. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Игра – Детективи на зборови. Целта на играта е да се откријат зборовите со конкретно и апстрактно значење во дадени реченици. Учениците се поделени во тимови и секој тим добива картички со реченици. Тимовите треба да детектираат зборови коишто имаат конкретно и апстрактно значење во дадените реченици. Тие треба да ги обележат (како на пример, со црвен молив за конкретно и син молив за апстрактно значење) зборовите коишто ги откриваат. Откако ќе ги пронајдат зборовите. Учениците презентираат. Освен што ќе го објаснуваат зборот, дозволете им на учениците да дадат и примери со кои ќе го употребат зборот во нова реченица.<br><br><br><br> | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>-картички<br>-игровни активности/ техники на учење<br>- Стручна литература :, речник, лексикон,<br>-наставни листови | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- Одговори дадени во наставни листови; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во двојки. Секоја двојка добива наставен лист со текст чија содржина е богата со еднозначни и повеќезначни зборови. Учениците треба да ги наведат зборовите коишто имаат само едно значење и да ги наведат зборовите кои имаат две, три и повеќе значења.<br>Учениците продолжуваат да работат во групи со задача да препознаат зборови и зборовни изрази со директно и преносно значење, конкретно и апстрактно и да ги преформулираат реченицата користејќи ги зборовите/ изразите од кои директно ќе се препознаваат значењата (пр.: Илина најде златен прстен. -Дедо Благоја има златно срце.; Мајка ми држеше чинија в рака. -Таа идејата држи место.)<br>Групите ги читаат на глас новосоставените реченици и сите заедно дискутираат за изразноста на текстот во кој се користат зборови/изрази со преносно значење.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за основно и преносно значење на зборовите. Наставникот презентира реченици со директно и преносно значење. Во усното или писменото изразување употребуваме зборови. Зборовите можат да се употребуваат во нивното КОНКРЕТНО значење, но можат да се употребат и со АПСТРАКТНО значење. На пример: Денес бевме на планина. Ти си планина човек! Во двете реченици е употребен еден ист збор (планина), но разликата е во значењето. Во првиот пример зборот планина е употребен во неговото основно значење, а во вториот пример, со неговото преносно значење.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за мај

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Лексика**<br>**Лексички значења на зборовите**<br>*(еднозначност и повеќезначност на зборовите; директно и преносно значење, конкретно и апстрактно значење на зборовите, синоними, хомоними, антоними)* | Идентификува зборови во текст што имаат синоними или антоними и ги наведува нивните синоними/антоними | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците читаат описи на две деца.<br><br><br>Учениците ги споредуваат зборовите што ги употребиле. Учениците откриваат дека Ален и Стефан ја опишале сликата на ист начин, и покрај тоа што користеле различни зборови.<br>*Зборовите со различна форма, но со исто или слично значење се нарекуваат СИНОНИМИ.<br>Наставникот на таблата има истакнато зборови, под секој збор стои празен квадрат. Учениците во празните квадратчиња треба да го запишат спротивното значење на соодветниот збор. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- наставни листови<br>-домино картички<br>-пица | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>



. *Зборовите со спротивно значење се нарекуваат АНТОНИМИ.<br>
Главни активности – искуствено учење
<ol>
<li>Учениците самостојно работат на задачи и барања прикажани на наставен лист. Најпрво со играта Пица - Синонимијана треба да запишат во останатите четвртини од парчињата пица синонимни значења за даден збор, на пример:наставник (учител, едукатор, даскал, ментор).</li>
</ol>




<ol start="2">
<li>Домино на спротивностите- Играта ја започнува ученикот којшто ја пронаоѓа картичката со зборот „почеток“ картичката со почетниот збор ја чита, а другиот  ученик го следи со внимание и го бараат</li>
</ol>
</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

спротивниот збор од оној што го навел ученикот.
Играта продолжува се до последната картичка.

| | | |
|---|---|---|
| ДОЛГО<br>Спротивно од<br>МЕКО е .... | ДЕБЕЛО<br>Спротивно од<br>НИСКО е.... | ТВРДО<br>Спротивно од<br>КРАТКО е.... |
| ГОРЕ<br>Спротивно од<br>ДЕН е .... | ПРЕД<br>Спротивно од<br>БЛИСКУ е | ВИСОКО<br>Спротивно од<br>БЕЛО е .... |
| ПОЛНО<br>Спротивно од<br>ПОТОА е.... | ЦРНО<br>Спротивно од<br>ДОЛУ е.... | ДАЛЕКУ<br>Спротивно од<br>САКА е.... |
| ПОЧЕТОК<br>Спротивно од<br>МАЛО е.... | ЛАДНО<br>Спротивно од<br>ДОЦНА е.... | МАЗНО<br>Спротивно од<br>ТЕМНО е.... |
| Спротивно од<br>ТАПО е.... | СЛАТКО<br>Спротивно од<br>ЖЕШКО е.... | РАНО<br>Спротивно од<br>СОЛЕНО е.... |
| СВЕТЛО<br>Спротивно од<br>БОЛНО е.... | ОСТРО<br>Спротивно од<br>НОЌ е.... | ГОЛЕМО<br>Спротивно од<br>ПРАЗНО е |
| ГОРЕ<br>Спротивно од<br>ТЕСНО е.... | ТИВКО<br>Спротивно од<br>ГРДО е.... | УБАВО<br>Спротивно од<br>НЕСРЕЌНО е... |
| КРУПНО<br>Спротивно од<br>БАВНО е.... | ТАЖНО<br>Спротивно од<br>ГЛАСНО е.... | БРЗО<br>Спротивно од<br>СИТНО е.... |
| ЗДРАВО<br>Спротивно од<br>РАДОСНО е.... | СРЕЌНО<br>Спротивно од<br>РАПАВО е.... | ШИРОКО<br>Спротивно од<br>КРАЈ е .... |
| НЕ САКА<br>Спротивно од<br>НАД е.... | ПОД<br>Спротивно од<br>ЛЕСНО е.... | ТЕШКО<br>Спротивно од<br>СЛАБО е.... |

**Завршна активност – извлекување заклучок**

Одговорите се презентираат пред паралелката. Во завршниот дел наставникот им ги соопштува заклучоците, кој ученик покажал најдобри резултати самостојно. Ученикот се прогласува за победник.

**Рефлексија**

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Лексика**<br>**Лексички значења на зборовите**<br>*(еднозначност и повеќезначност на зборовите; директно и преносно значење, конкретно и апстрактно значење на зборовите, синоними, хомоними, антоними)* | Идентификува зборови во текст што се хомоними и ги наведува нивните различни значења. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците читаат текст во кој има затемнети (обележани) зборови.<br>Јас и Махир отидовме во **град** за да купиме **блок**. По некое време се заоблачи и почна да паѓа силен дожд. Ние немавме чадори. Почнавме да трчаме кон најблискиот **блок** згради за да се засолниме. Почна да паѓа и **град** и за брзо време пред нас се направи голем **куп** бели зрна. Махир носеше капа, а мојата **коса** беше целосно мокра. Стоевме околу половина **час**. Откако престана да врне, тргнавме по нашиот **пат**. Кога стигнавме дома, дедо ја носеше неговата **коса** кон подрумот, тато се подготвуваше да пече **скара** за да вечераме додека го гледаме фудбалскиот **куп**, а мама нè **скара** затоа што по којзнае кој **пат** ни се имаше случено вакво нешто – да излеземе во незгоден **час**.<br>Наставникот им нагласува на учениците треба да внимаваат на истакнатите зборови во текстот. И ги прашува учениците што заклучиле? Да објаснат зошто, всушност, се затемнети зборовите.<br>* Зборовите со иста форма, а со различно значење се викаат ХОМОНИМИ<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Игра-магична кутија. Учениците влечат од кутија зборови(хомоними). Од зборовите составуваат реченици за да ги покажат различните значења на зборовите. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- текстови<br>-кутија<br>-картички со зборови | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Одговорите се презентираат пред паралелката. На крај се дискутира за зборовите според лексичкото значење и се изведуваат заклучоци.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

МАРИЈА ПИСКАЧЕВА

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Изразување и творење**<br>**•Раскажување и прераскажување** | Прераскажува содржина на прочитан расказ и роман (усмено и писмено), почитувајќи го редоследот на настаните во текстот. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело по избор.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиваат наставен лист во кој накратко ја прераскажуваат содржината на книгата која ја прочитале како и темата и пораката.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се читаат наставните листови се дискутира за содржината на | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>- Листови хартија кутија/ торбичка<br>- Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-книги<br>-наставни листови<br>-листови хартија | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | лектирното дело, ликовите, пораката, темата...<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Епика во проза** | Ја поврзува проблематиката на даден литературен текст со стварноста преку наведување примери од секојдневниот живот. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците претходниот час добиле домашна задача да ја анализираат лектирата со техниката- Клуч околу вратот.<br> | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-книги<br>-игри/техники на учење<br><br>- | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Одговори дадени во наставни листови;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- - (пишување/творење текстови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците на 9 клучеви треба да ги запишуваат одговорите<br>1. Наслов, автор<br>2. Тема<br>3. Подреди ги настаните по редослед и главен настан<br>4. Ликови-помошници, противници, јунаци (илустрирај ги главните ликови)<br>5. Анализа на ликовите<br>6. Проблем -решение<br>7. Омилен дел од лектирата-поткрепи го со извадоци од лектирното дело<br>8. Најјнеомилен дел и зошто?<br>9. Порака<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците ги презентираат своите изработки.Наставникот следи и оценува<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се извлекува заклучок за впечатоците кои им ги оставило лектирното дело:<br>Која ви беше првата мисла додека ја читавте лектирата?<br>Кој дел ви беше омилен, а кои омилени ликови?<br>Кој лик би сакале да го драматизирате? Зошто? Што се промени кај вас по читање на лектирата?<br>Што научивте, а порано не сте го знаеле?<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>- -презентација на изработките |

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за мај

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Активности за следење на постигањата на учениците од лексика** | Го анализира, проценува и подобрува и применува сопственото учење од стандардите за (лексика) | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ја подготвил активности за следење на учениците, ги спроведува вежбите. Наставникот обезбедува работна атмосфера, дава појаснување на часот (уредност, ракопис-читлив, обмислување, па пишување на одговорите).<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Следење на работата на учениците, наставникот дава соодветна помош доколку не влијае на самостојната примена на знаењата на ученикот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Заедничко вреднување (под водство на наставникот) на вежбите според тоа колку добро ги усвоиле знаењата од лексика. Оценување и проверка на одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Наставни листови<br>Квизови<br>Тестови на знења | - -Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- - • Одговори дадени во наставни листови;<br>- - • Практични вежби (читање, пишување);;<br>- |

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за мај

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Делење на зборовите на крајот од редот и пренесување на дел од зборот во друг ред** *(правописен знак цртичка)* | Правилно ги дели и пренесува зборовите на крајот од редот со цртичка.. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Си играме со зборовите и учиме:<br>игра по парови: од кои слогови е составен зборот ...<br>Повторување за правилата за пренесување на дел од зборот во нов ред (преку примери):<br>во нов ред се пренесува цел слог<br>во нов ред не се пренесува само една буква<br>во претходен ред не смее да се остави само една буква а да се пренесе останатиот дел од зборот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците пишуваат диктат при што фокус на проверката при пишувањето е пренесувањето на зборовите на крајот на редот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Точноста ја проверуваат во пар, според прикажаниот пример на таблата .<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Библиотека во училницата, училишна библиотека<br>-правопис<br>-диктат | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Практични вежби (, пишување диктар);<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- Самооценување |

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија за мај

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Литература, изразување и творење | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Опишување**<br>*(лик, предмет, појава, пејзаж, настан)* | Користи опишување при самостојно составување текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот дава насоки за часот.<br>Секој ученик треба сам да се опише со придавки.<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците на зборуваат за некоја позната личност, може да биде музичка ѕвезда, спортист или активист. Потоа се чита текст во кој се опишува личноста, се изложуваат факти и информации. Учениците потоа продолжуваат со самостојна работа и ја опишуваат личноста.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот се чита и се дискутира за содржината на описот. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- Наставни листови | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- • Домашни задачи;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.) |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2),, Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | - |

resursi.literatura.mk

| Изработил: Марија Пискачева | | | | ООУ„Коле Канински “- Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – Јазик и комуникација | | | | ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **Содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Слушање со разбирање** | Искажува став (во пишана форма) за тема во прочитан текст и го поткрепува со цитати од текстот | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците преку насочувачка дискусија зборуваат за професии и дали истите можат да се поделат на машки и женски<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Потоа учениците добиваат наставен лист со текст од книгата „Сто највлијателни жени во историјата“ (од повеќе автори). Потоа секој ученик во пишана форма треба да го искаже својот личен став во врска со темата и личноста од прочитаниот текст. Ставовите треба да бидат поткрепени со цитати од текстот што го прочитале<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот, во паралелката се читаат творбите на учениците и се заклучува дека нема поделба на машки и женски професии и дека успешноста во определна професија зависи од многу други фактори (образование, стручност, посветеност итн).<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) „Што правевме денес?“,<br>2)„ Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија,<br>- картички<br>-дебата<br>-Библиотека во училницата, училишна библиотека-книги | - Усните одговори на прашања поставени од наставникот или соучениците;<br>- • Практични вежби (читање, пишување);<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот; |

resursi.literatura.mk